# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.**

**Четврток, 25 април 1974**
**Скопје**
**Број 19 Год. XXX**

**Претплатата за 1974 година изнесува 180 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128**


**133.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со член 6 став 2 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за републичките органи на управата,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 24 април 1974 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 24 април 1974 година.

Број 03-928
25 април 1974 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

Член 1

Во Законот за републичките органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/71) во член 2 став 1 по алинејата 13 се додаваат две нови алинеи кои гласат:

„ — Републичкиот секретаријат за сообраќај и врски:

— Републички секретаријат за урбанизам, станбени и комунални прашања."

Член 2

Во член 4 алинејата 1 се брише.

Член 3

Член 15 се менува и гласи:

„Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија ги врши работите што се однесуваат на: индустријата, градежништвото, рударството, електростопанството, трговијата, занаетчиството, стоковниот промет, изградбата на инвестициони објекти и надзорот над нив, здружувањето во комори и задолжителното здружување на организациите на здружениот труд во деловни заедници; самостојниот личен труд на занаетчиите; републичките стоковни резерви; ги следи во овие области економските услови за стопанисување, унапредување и развој и предлага мерки за остварување на економската политика; ги следи стоковно-паричните фондови за широка потрошувачка; се грижи за снабденоста на пазарот; ги врши работите во врска со обезбедувањето и користењето на пазарните резерви и ги спроведува мерките за економска интервенција на пазарот.

Во состав на Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија се: Републичкиот инспекторат за парни котли; Републичкиот електроенергетски инспекторат, Републичкиот рударско-металургиски инспекторат, Републичкиот градежен инспекторат и Републичкиот пазаришен инспекторат".

Член 4

По член 17 се додава нов член 17-а кој гласи:

„Член 17-а

Републичкиот секретаријат за сообраќај и врски ги врши работите што се однесуваат на: патиштата и превозот со моторни возила во патниот сообраќај, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско-телеграфскиот, телефонскиот и радио-сообраќајот, изградбата на инвестициони објекти во овие области и надзорот над нив, задолжителното здружување на организациите на здружениот труд во деловни заедници, самостојниот личен труд на превозниците, ги следи во овие области економските услови за стопанисување, унапредување и развој и предлага мерки за остварување на економската политика.

Републичкиот секретаријат за сообраќај и врски ги врши работите на инспекцијата на радиосообраќајот и на поштенско-телеграфскиот и телефонскиот сообраќај.

Во состав на Републичкиот секретаријат за сообраќај и врски се Републичкиот инспекторат за патишта и патен сообраќај и Републичкиот инспекторат за железници и жичарници".

Член 5

Член 21 станува член 17-б со следната содржина:

„Републичкиот секретаријат за урбанизам, станбени и комунални прашања ги врши работите што се однесуваат на: урбанизмот, станбените и комуналните работи, станбените односи, просторното и урбанистичкото планирање, уредувањето на просторот и градското земјиште, заштитата и унапредувањето на човековата околина и техничката заштита од загадување на воздухот и водата и спречувањето на штетната бучава и врши надзор над спроведувањето над законите и другите прописи и мерки во овие области.

Во состав на Републичкиот секретаријат за урбанизам, станбени и комунални прашања е Републичкиот урбанистички инспекторат".

Член 6

Во член 16 став 2 по зборот „служба" се става запирка и се додаваат зборовите: „Управа за води".

Член 7

Во член 22, по втората реченица, а пред зборовите „се грижи" се додава следниов текст: „ги следи и анализира односите меѓу понудата и побарувачката, трошоците на животот и дејството на економските мерки и на мерките на непосредната општествена контрола на цените".

Член 8

Во член 24 став 1, алинеите 1 и 4 се бришат.

Член 9

Членовите 25 и 28 се бришат.

Член 10

По член 39 се додаваат членовите 39-а, 39-б и 39-в кои гласат:

„Член 39-а

Републичкиот завод за урбанизам, станбени и комунални прашања продолжува со работа како Републички секретаријат за урбанизам, станбени и комунални прашања со делокругот утврден со овој закон.

Член 39-б

Средствата, инвентарот и работниците на досегашниот Републички завод за урбанизам, станбени и комунални прашања се пренесуваат на Републичкиот секретаријат за урбанизам, станбени и комунални прашања.

Член 39-в

Се овластува Извршниот совет на Собранието на СРМ да го определи денот кога ќе почне со работа Републичкиот секретаријат за сообраќај и врски, како и да изврши распределба на средствата, инвентарот и работниците меѓу Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија и Републичкиот секретаријат за сообраќај и врски".

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

---

**134.**

Врз основа на член 5 од Уредбата за највисоките износи на патни и други трошоци за службени патувања во странство на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 32/72), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЈВИСОКИТЕ ИЗНОСИ НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО ШТО ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

1. Надоместокот за дневници што на републичките органи на управата им се признаваат во материјални трошоци за службено патување во одделни странски земји изнесува по групи на работни места и тоа:

| | |
|---|---|
| за Авганистан: | |
| I група работни места | до 18 пресм. долари |
| II „ „ „ | „ 15 „ „ |
| за Албанија: | |
| I група работни места | „ 17 пресм. долари |
| II „ „ „ | „ 14 „ „ |
| за Алжир: | |
| I група работни места | „ 39 пресм. долари |
| II „ „ „ | „ 33 „ „ |
| за Ангола: | |
| I група работни места | „ 17 САД долари |
| II „ „ „ | „ 14 „ „ |
| за Аргентина: | |
| I група работни места | „ 29 САД долари |
| II „ „ „ | „ 24 „ „ |
| за Австралија: | |
| I група работни места | „ 28 САД долари |
| II „ „ „ | „ 23 „ „ |
| за Австрија: | |
| I група работни места | до 650 австр. шилинзи |
| II „ „ „ | „ 545 „ „ |
| за Бахраин: | |
| I група работни места | „ 52 САД долари |
| II „ „ „ | „ 44 „ „ |
| за Бангладеш: | |
| I група работни места | „ 12,8 англиски фунти |
| II „ „ „ | „ 10,6 „ „ |
| за Белгија: | |
| I група работни места | „ 1.380 белг. франци |
| II „ „ „ | „ 1.175 „ „ |
| за Боливија: | |
| I група работни места | „ 30 САД долари |
| II „ „ „ | „ 25 „ „ |
| за Боцуана: | |
| I група работни места | „ 20 САД долари |
| II „ „ „ | „ 17 „ „ |
| за Бразил: | |
| I група работни места | „ 39 САД долари |
| II „ „ „ | „ 33 „ „ |
| за Брегот на Слонова Коска: | |
| I група работни места | „ 30 САД долари |
| II „ „ „ | „ 25 „ „ |
| за Бугарија: | |
| I група работни места | „ 29 пресм. долари |
| II „ „ „ | „ 24 „ „ |

| | | |
|---|---|---|
| за Бурма: | | |
| I група работни места | до | 22 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 19 „ „ |
| за Бурунди: | | |
| I група работни места | „ | 21 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 18 „ „ |
| за Велика Британија и Ирска: | | |
| I група работни места | „ | 12,2 англиски фунти |
| II „ „ „ | „ | 10,2 „ „ |
| за Венецуела: | | |
| I група работни места | „ | 34 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 29 „ „ |
| за Виетнам: | | |
| I група работни места | „ | 18 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 15 „ „ |
| за Виетнам ДР: | | |
| I група работни места | „ | 33 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 28 „ „ |
| за Габон: | | |
| I група работни места | „ | 39 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 33 „ „ |
| за Гана: | | |
| I група работни места | „ | 16 англиски фунти |
| II „ „ „ | „ | 13 „ „ |
| за ДР Германија: | | |
| I група работни места | „ | 29 пресм. долари |
| II „ „ „ | „ | 24 „ „ |
| за СР Германија: | | |
| I група работни места | „ | 96 германски марки |
| II „ „ „ | „ | 82 „ „ |
| за Гвајана: | | |
| I група работни места | до | 29 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 24 „ „ |
| за Гвинеа: | | |
| I група работни места | „ | 40 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 37 „ „ |
| за Горна Волта: | | |
| I група работни места | „ | 29 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 24 „ „ |
| за Гренланд: | | |
| I група работни места | „ | 31 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 26 „ „ |
| за Грција: | | |
| I група работни места | „ | 20 пресм. долари |
| II „ „ „ | „ | 17 „ „ |
| за Данска: | | |
| I група работни места | „ | 260 дан. круни |
| II „ „ „ | „ | 220 „ „ |
| за Дахомеј: | | |
| I група работни места | „ | 34 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 29 „ „ |
| за Египет: | | |
| I група работни места | „ | 21 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 18 „ „ |
| за Еквадор: | | |
| I група работни места | „ | 22 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 19 „ „ |
| за Екваторијална Гвинеја: | | |
| I група работни места | „ | 29 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 24 „ „ |
| за Ел Салвадор: | | |
| I група работни места | до | 26 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 22 „ „ |
| за Етиопија: | | |
| I група работни места | „ | 26 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 22 „ „ |
| за Заире: | | |
| I група работни места | „ | 44 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 37 „ „ |
| за Замбија: | | |
| I група работни места | „ | 35 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 30 „ „ |
| за Израел: | | |
| I група работни места | „ | 25 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 21 „ „ |
| за Индија: | | |
| I група работни места | „ | 21 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 18 „ „ |

| | | |
|---|---|---|
| за Индонезија: | | |
| I група работни места | „ | 34 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 29 „ „ |
| за Ирак: | | |
| I група работни места | „ | 9 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 7,7 „ „ |
| за Иран: | | |
| I група работни места | „ | 23 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 20 „ „ |
| за Ирска: | | |
| I група работни места | „ | 7,3 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 6,1 „ „ |
| за Исланд: | | |
| I група работни места | до | 31 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 26 „ „ |
| за Италија: | | |
| I група работни места | „ | 16.800 итал. лири |
| II „ „ „ | „ | 13.900 „ „ |
| за Јамајка: | | |
| I група работни места | „ | 29 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 24 „ „ |
| за Јапан: | | |
| I група работни места | „ | 44 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 37 „ „ |
| за Јемен НР: | | |
| I група работни места | „ | 22 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 19 „ „ |
| за Јемен АР: | | |
| I група работни места | „ | 22 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 19 „ „ |
| за Јордан: | | |
| I група работни места | „ | 30 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 25 „ „ |
| за Јужна Афричка Република: | | |
| I група работни места | „ | 9,4 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 8,1 „ „ |
| за Камерун: | | |
| I група работни места | „ | 34 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 29 „ „ |
| за Канада: | | |
| I група работни места | „ | 30 канад. долари |
| II „ „ „ | „ | 25 „ „ |
| за Катар: | | |
| I група работни места | до | 43 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 36 „ „ |
| за Кенија: | | |
| I група работни места | „ | 9,4 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 8,1 „ „ |
| за Кина НР: | | |
| I група работни места | „ | 13 пресм. фунти |
| II „ „ „ | „ | 11 „ „ |
| за Кипар: | | |
| I група работни места | „ | 7,3 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 6,1 „ „ |
| за Кмерска Република: | | |
| I група работни места | „ | 17 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 14 „ „ |
| за Колумбија: | | |
| I група работни места | „ | 18 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 15 „ „ |
| за Конго: | | |
| I група работни места | „ | 38 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 32 „ „ |
| за Кореја НДР: | | |
| I група работни места | „ | 13 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 11 „ „ |
| за Костарика: | | |
| I група работни места | „ | 26 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 22 „ „ |
| за Куба: | | |
| I група работни места | „ | 14,2 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 12,2 „ „ |
| за Кувајт: | | |
| I група работни места | до | 22 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 19 „ „ |
| за Лаос: | | |
| I група работни места | „ | 22 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 19 „ „ |

| | | |
|---|---|---|
| за Либан: | | |
| I група работни места | „ | 23 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 20 „ „ |
| за Либерија: | | |
| I група работни места | „ | 27 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 23 „ „ |
| за Либија: | | |
| I група работни места | „ | 14,2 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 12,2 „ „ |
| за Луксембург: | | |
| I група работни места | „ | 810 белг. фунти |
| II „ „ „ | „ | 690 „ „ |
| за Мадагаскар: | | |
| I група работни места | „ | 29 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 24 „ „ |
| за Малезија: | | |
| I група работни места | „ | 23 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 20 „ „ |
| за Мали: | | |
| I група работни места | „ | 34 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 29 „ „ |
| за Малта: | | |
| I група работни места | „ | 7,3 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 6,1 „ „ |
| за Мароко: | | |
| I група работни места | до | 23 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 20 „ „ |
| за Мавританија: | | |
| I група работни места | „ | 33 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 28 „ „ |
| за Мексико: | | |
| I група работни места | „ | 23 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 20 „ „ |
| за Монголија: | | |
| I група работни места | „ | 48 пресм. долари |
| II „ „ „ | „ | 41 „ „ |
| за Непал: | | |
| I група работни места | „ | 23 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 20 „ „ |
| за Нигер: | | |
| I група работни места | „ | 29 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 24 „ „ |
| за Нигерија: | | |
| I група работни места | „ | 34 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 29 „ „ |
| за Нов Зеланд: | | |
| I група работни места | „ | 13,4 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 11,4 „ „ |
| за Норвешка: | | |
| I група работни места | „ | 225 норв. круни |
| II „ „ „ | „ | 190 „ „ |
| за Обединетите Арапски емирати: | | |
| I група работни места | „ | 36 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 31 „ „ |
| за Оман: | | |
| I група работни места | до | 62 пресм. долари |
| II „ „ „ | „ | 55 „ „ |
| за Пакистан: | | |
| I група работни места | „ | 11,8 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 9,8 „ „ |
| за Панама: | | |
| I група работни места | „ | 29 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 24 „ „ |
| за Парагвај: | | |
| I група работни места | „ | 25 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 21 „ „ |
| за Перу: | | |
| I група работни места | „ | 29 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 24 „ „ |
| за Полска: | | |
| I група работни места | „ | 26 пресм. долари |
| II „ „ „ | „ | 22 „ „ |
| за Порторико: | | |
| I група работни места | „ | 23 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 20 „ „ |
| за Португалија: | | |
| I група работни места | „ | 18 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 15 „ „ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за Руанда: | | | |
| I група работни места | „ | 23 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 20 | „ „ |
| за Романија: | | | |
| I група работни места | „ | 44 | пресм. долари |
| II „ „ „ | „ | 37 | „ „ |
| за САД: | | | |
| I група работни места | до | 34 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 29 | „ „ |
| за Саудиска Арабија: | | | |
| I група работни места | „ | 29 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 24 | „ „ |
| за Сенегал: | | | |
| I група работни места | „ | 150 | франц. франци |
| II „ „ „ | „ | 130 | „ „ |
| за Сиера Леоне: | | | |
| I група работни места | „ | 34 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 29 | „ „ |
| за Сингапур: | | | |
| I група работни места | „ | 30 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 25 | „ „ |
| за Сирија: | | | |
| I група работни места | „ | 13 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 11 | „ „ |
| за Сомалија: | | | |
| I група работни места | „ | 22 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 19 | „ „ |
| за СССР: | | | |
| I група работни места | „ | 36 | пресм. долари |
| II „ „ „ | „ | 31 | „ „ |
| за СРИ Ланка: | | | |
| I група работни места | „ | 12,6 | англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 10,6 | „ „ |
| за Судан: | | | |
| I група работни места | „ | 7,3 | англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 6,1 | „ „ |
| за Тајланд: | | | |
| I група работни места | до | 25 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 21 | „ „ |
| за Танзанија: | | | |
| I група работни места | „ | 11 | англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 9,4 | „ „ |
| за Того: | | | |
| I група работни места | „ | 31 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 26 | „ „ |
| за Тринидад — Тобаго: | | | |
| I група работни места | „ | 22 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 19 | „ „ |
| за Тунис: | | | |
| I група работни места | „ | 26 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 21 | „ „ |
| за Турција: | | | |
| I група работни места | „ | 22 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 19 | „ „ |
| за Уганда: | | | |
| I група работни места | „ | 22 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 19 | „ „ |
| за Унгарија: | | | |
| I група работни места | „ | 23 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 20 | „ „ |
| за Уругвај: | | | |
| I група работни места | „ | 16 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 13 | „ „ |
| за Филипини: | | | |
| I група работни места | „ | 27 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 23 | „ „ |
| за Финска: | | | |
| I група работни места | до | 33 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 28 | „ „ |
| за Франција: | | | |
| I група работни места | „ | 190 | франц. франци |
| II „ „ „ | „ | 160 | „ „ |
| за Холандија: | | | |
| I група работни места | „ | 86 | хол. флорини |
| II „ „ „ | „ | 71 | „ „ |
| за Хондурас: | | | |
| I група работни места | „ | 26 | САД долари |
| II „ „ „ | „ | 22 | „ „ |

| | | |
|---|---|---|
| за Хонг Конг: | | |
| I група работни места | до | 33 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 28 „ „ |
| за Централна Афричка Република: | | |
| I група работни места | „ | 14,6 англ. фунти |
| II „ „ „ | „ | 12,6 „ „ |
| за Чад: | | |
| I група работни места | „ | 34 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 29 „ „ |
| за Чехословачка: | | |
| I група работни места | „ | 34 пресм. долари |
| II „ „ „ | „ | 29 „ „ |
| за Чиле: | | |
| I група работни места | „ | 14 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 12 „ „ |
| за Швајцарија: | | |
| I група работни места | „ | 94 швајц. франци |
| II „ „ „ | „ | 78 „ „ |
| за Шведска: | | |
| I група работни места | „ | 160 швед. круни |
| II „ „ „ | „ | 140 „ „ |
| за Шпанија: | | |
| I група работни места | „ | 21 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 18 „ „ |
| за сите други држави: | | |
| I група работни места | „ | 13 САД долари |
| II „ „ „ | „ | 11 „ „ |

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за највисоките износи на дневниците за службено патување во странство што им се признаваат во материјални трошоци на републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 32/72).

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 12-894/1 | Претседател |
| 9 април 1974 година | на Извршниот совет, |
| Скопје | д-р **Ксенте Богоев,** с. р. |

**135.**

Врз основа на член 7 од Законот за јавни споменици („Службен весник на СРМ“ бр. 44/72), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА СПОМЕНИЦИ

I. За претседател и членови на Републичката комисија за споменици, се именуваат:

а) за претседател
Перо Коробар, член на Претседателството на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ;

б) за членови:
1. Кирил Алексовски, претседател на Претседателството на Синдикатот на работниците од општествените дејности на Македонија;
2. Ружа Бак, член на Претседателството на Републичката конференција за општествена активност на жените на Македонија;
3. Драган Бошњаковски, дипл. инж. арх. претседател на Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија;
4. Славко Брезовски, дипл. инж. арх., вонреден професор на Архитектонско-градежниот факултет во Скопје;
5. Виктор Габер, секретар на Комисијата за меѓународни прашања при Републичката конференција на Сојузот на младината на Македонија;
6. Реџеп Бајрами, професор по историја во Педагошката гимназија „Зеф Љуш Марку“ — Скопје;
7. д-р Миле Тодоровски, виш научен соработник во Институтот за национална историја;
8. Јован Каракутовски, мајор на ЈНА;
9. Ристо Кирјазовски, архивски советник во Архивот на Македонија;
10. д-р Лазо Каровски, секретар на Друштвото на писателите на Македонија;
11. Спасе Куновски, академски сликар;
12. акад. Љубен Лапе, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје;
13. Антоние Николовски, виш кустос во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата;
14. Трпко Пanговски, директор на Историскиот музеј на Македонија;
15. Јанко Тодоровски, претседател на Комисијата за општонародна одбрана и општа заштита на РК на ССРНМ;
16. Нико Този, советник во Републичкиот секретаријат за култура;
17. Мимоза Томиќ, дипл. инж. арх., соработник на Заводот за урбанизам и архитектура на град Скопје;
18. Петар Хаџибошков, академски вајар;
19. Костадин Делиниколов, професор по историја во Економскиот техникум „Борис Кидрич во Скопје.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 12-685 | Претседател |
| 11 март 1974 година | на Извршниот совет, |
| Скопје | д-р **Ксенте Богоев,** с. р. |

**136.**

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОСТОЈАНИ И ПОВРЕМЕНИ ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ СВОЈСТВО СЛОБОДЕН УМЕТНИК

I. За претседател, постојани и повремени членови на Републичката комисија за признавање својство слободен уметник се именуваат:

а) за претседател:

Предраг Кушевски, главен и одговорен уредник на весникот „Трудбеник“ — Скопје;

б) за постојани членови:

1. Томе Арсовски, писател, уредник во Радиотелевизија Скопје;
2. Димитар Гешовски, артист во Народниот театар во Скопје;
3. Димитар Илиевски, дипл. правник во Стручната служба на Заедницата за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија;
4. Миле Корубин, академски сликар;
5. Томо Кешќец, раководител на Општа служба во Републичкиот секретаријат за култура;
6. Кочо Нетков, филмски режисер;
7. Трајко Прокопиев, диригент;

в) за повремени членови:

1. Драган Бошњаковски, дипл. инж. арх., претседател на Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија;
2. Саша Маркус, преведувач;
3. Бистрица Миркуловска, писател;
4. Витомир Николовски, началник на Одделение на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија;
5. Атанас Петровски, филмски работник;
6. Трајче Попов, филмски режисер;
7. Александар Ристевски, академски сликар;
8. Коце Солунски, писател;
9. Крум Стојанов, артист во Народниот театар во Скопје;
10. Киро Ќортошев, артист во Народниот театар во Скопје;
11. Трајан Петровски, писател;
12. Фимчо Муратовски, диригент, директор на Филхармонијата на СР Македонија;
13. Киро Давидовски, музичар.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-684
13 март 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

---

**137.**

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за заштитата на спомениците на културата („Службен весник на СРМ“ бр. 24/73), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

I. Се утврдува престанување на функцијата членови на Советот на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата на:

Владо Хаџиристевски,
Томо Писевски.

II. За членови на Советот на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата се именуваат:

1. Наџи Салих, член на Претседателството на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ за Македонија;
2. д-р Александар Серафимовски, на работа во Шумарскиот институт на СРМ во Скопје;
3. Радомир Волинец, дипл. инж. арх., доцент на Архитектонско-градежниот факултет во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-686
11 март 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

---

СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ТУТУН — ПРИЛЕП

распишува

## КОНКУРС

за избор на:

1. Еден виш стручен соработник за наводнување,
2. Еден асистент за резидуи.

УСЛОВИ:

Покрај општите услови предвидени во Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и Законот за организација на научните дејности, да ги исполнуваат и следните:

— Под 1 да има завршено земјоделско-шумарски факултет, 5 години работно искуство во тутунската струка, да познава еден светски јазик. Предност имаат магистри или лица кои се пред завршување на магистратура.

— Под 2 да има завршено технолошки факултет — отсек органска хемија, три години работно искуство во струката, да познава еден светски јазик. Предност имаат кандидатите со подобар успех.

Со пријавата кандидатите да ги приложат потребните документи и биографија.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Молбите со потребните документи се доставуваат до Секретаријатот на Институтот. (155)

---

## СОДРЖИНА


| | | Страна |
|---|---|---|
| 133. | Закон за изменување и дополнување на Законот за републичките органи на управата | 441 |
| 134. | Решение за највисоките износи на дневниците за службено патување во странство што им се признаваат во материјални трошоци на републичките органи на управата | 442 |
| 135. | Решение за именување претседател и членови на Републичката комисија за споменици | 447 |
| 136. | Решение за именување претседател, постојани и повремени членови на Републичката комисија за признавање својство слободен уметник | 447 |
| 137. | Решение за утврдување престанување на функцијата членови и именување членови на Советот на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата | 448 |


**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**